АГЕНЦИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-206/2
11.03. 2022 год.
СКОПЈЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA E ENERGJETIKËS E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Врз основа на член 20 став 1 и член 24 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) и член 11 став 11 од Законот за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија бр.62/05, 41/14 и 83/18), а постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр.03-206/1 од 08.03.2022 година доставено од барателот на информација Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации Бул.Кочо Рацин 26-1/2, 1000 Скопје преку полномошник Сабина Факиќ, на ден 09.03.2022 година, В.Д. Директорот на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

## За уважување на барање за пристап на информации од јавен карактер

1.Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр.03-206/1 од 08.03.2022 година доставено од барателот на информација: Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации Бул.Кочо Рацин 26-1/2, 1000 Скопје преку полномошник Сабина Факиќ се УВАЖУВА.

2.Барателот на информација: Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации Бул.Кочо Рацин 26-1/2, 1000 Скопје преку полномошник Сабина Факиќ се информира дека Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија во периодот од 01.01.2011 до 31.12.2021 година НЕМА склучено менаџерски договори.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 09.03.2022 година во архивата на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија е заведено Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.03-206/1 од 08.03.2022 година доставено од барателот на информација Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации Бул.Кочо Рацин 26-1/2, 1000 Скопје преку полномошник Сабина Факиќ.

Барателот од имателот на информацијата во случајов Агенцијата за енергетика, бара податоци за сите менаџерски договори склучени во периодот од 01.01.2011 до 31.12.2021 година кои ќе му бидат доставени во електронска форма.

Бараната информација е дека Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија во периодот од 01.01.2011 до 31.12.2021 година нема склучено менаџерски договори.

Врз основа на горенавденото, а во согласност со член 20 став 1 и член 24 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и член 11 став 11 од Законот за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија на ден 09.03.2022 година В.Д. Директорот на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија одлучи како во диспозитивот на решението.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова Решение незадоволната страна може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на ова Решение.

Скопје, 09.03.2022 година

В.Д. Директор,
Дарио Николовски

Подготвил-овластено службено лице: м-р Наташа Стефаноска
Контролирал: Станиславка Николовска
Одобрил: Панче Атанасовски,деи

Доставено до:
-Подносител на барањето
-Архивата на Агенција за енергетика на РСМ